# ЗАПИСНИК

## ОД 3.ТА РЕДОВНА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО ОДРЖАНА НА ДЕН 27.06.2013 ГОДИНА ВО САЛАТА ЗА СОСТАНОЦИ ПРИ ОПШТИНА БЕРОВО СО ПОЧЕТОК ВО 10:00 ЧАСОТ

Седницата ја отвори и со неа раководеше Јован Матеничарски, претседател на Советот на Општина Берово.

Од 15 советници, на седницата присутни беа сите 15 советници: Предраг Монев, Антонио Двојаковски, Влатко Вакански, Дамјан Црвенковски, Виолета Димовска, Јасминка Димовска, Митко Кржовски, Гоце Ружински, Благица Русковска, Златко Скендерски, Дејан Пачемски, Биљана Марковска, Јован Матеничарски, Сунчица Цонкинска и Звонко Миовски.

На седницата исто така присуствуваше и Градоначалникот на Општина Берово Драги Наџински.

За работата на Советот на оваа седница, претседателот на Советот Јован Матеничарски го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ-ДНЕВЕН РЕД:**

1. **Усвојување на Записник од 2-ра седница на Советот на Општина Берово;**
2. **Предлог-Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 321 на Општина Берово;**
3. **Предлог-Одлука за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 321;**
4. **Предлог-Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово;**
5. **Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 322;**
6. **Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 323 на Општина Берово;**
7. **Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 323;**
8. **Предлог-Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово;**
9. **Предлог-Решение за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово;**
10. **Предлог-Решение за формирање на Партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово;**
11. **Предлог за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот и патиштата Берово.**
12. **Советнички иницијативи и прашања;**
13. **Барања од институции и граѓани.**

Претседателот на Советот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за дискусија, Претседателот на Советот ја затвори расправата и го стави на усвојување следниот дневен ред за работа на 3.тата седница:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

1. **Усвојување на Записник од 2-ра седница на Советот на Општина Берово;**
2. **Предлог-Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 321 на Општина Берово;**
3. **Предлог-Одлука за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 321;**
4. **Предлог-Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово;**
5. **Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 322;**
6. **Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 323 на Општина Берово;**
7. **Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 323;**
8. **Предлог-Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово;**
9. **Предлог-Решение за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово;**
10. **Предлог-Решение за формирање на Партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово;**
11. **Предлог за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот и патиштата Берово.**
12. **Советнички иницијативи и прашања;**
13. **Барања од институции и граѓани.**

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои предложениот ДНЕВЕН РЕД за работа на 3.тата редовна седница.

1. ***Усвојување на Записник од 2-рата седница на Советот на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 1 од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Записникот од 2.рата седница на Советот на Општина Берово беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Записникот од 2.рата седница на Советот на Општина Берово.

2. ***Предлог-Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 321 на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 2 од дневниот ред. Тој како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, се изјасни дека Комисијата одржала состанок заедно со раководителите, на кој не им биле презентирани проекти, па затоа како Комисија не зазеле став да го предложат на Советот и оставаат Советот сам да одлучи во врска со усвојувањето на точката.

Советникот Звонко Миовски, како Претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, надополни дека на состанокот на Комисијата не бил презентиран проект, нема финансиска конструкција, не се знае за која бројка се работи и затоа немаат посебен став.

Градоначалникот Драги Наџински побара збор и објасни дека од работењето на Комисиите се гледа дека постои неинформираност кај нив. Проект готов нема затоа што изработката на проектните документации е во тек од страна на „Пела Проект", а јавниот повик е распишан пред речиси месец дена. До датумот на аплицирање – 03.07. проектот ќе биде готов, па така да ќе имаат време за аплицирање. Тој се произнесе дека состанокот на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој бил беспредметен, затоа што се работи за целосно обезбедени средства од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој, така да Општина Берово нема кофинансирање и не се одделуваат средства од Буџетот на Општина Берово, а немаат надлежност да дискутираат за Буџетот на Агенцијата. Максималната вредност е одредена од нивна страна за сума од 20.000.000,00 денари. Тој апелираше од негова страна да се произјаснат Советниците по нивно убедување, односно да дадат поддршка и да ја усвојат одлуката.

Претседателот Јован Матеничарски се изјасни дека не се согласува со Градоначалникот, бидејќи во член 2 на Предлог-Одлуката стои дека средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Берово.

Градоначалникот објасни дека средствата ќе бидат обезбедени ако биде усвоена одлуката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 321 на Општина Берово беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 8 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот не ја усвои Предлог-Одлуката за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 321 на Општина Берово.

3. ***Предлог-Одлука за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 321***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 3 од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 321 беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 8 се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот не ја усвои Предлог-Одлуката за утврдување приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 321.

4. ***Предлог-Одлука за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 4 од дневниот ред. Тој како Претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, се изјасни дека по закон до 2016 година во тие населени места мора да се направат урбанистички планови и Комисијата зазела став да се усвои Предлог-Одлуката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Одлуката за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за давање на согласност за намената на инвестицијата и обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка за руралниот развој за 2013 година мерка 322 на Општина Берово.

5. ***Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралникот развој за 2013 година за мерка 322***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 5 од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралникот развој за 2013 година за мерка 322 беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралникот развој за 2013 година за мерка 322.

6. ***Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 323 на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 6 од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 323 на Општина Берово беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 8 се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот на ја усвои Предлог-Одлука за давање согласност за намената на инвестицијата и за обезбедените средства за реализација на Проекти од јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година мерка 323 на Општина Берово.

7. ***Предлог-Одлука за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 323***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 7 од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 323 беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 8 се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот на ја усвои Предлог-Одлуката за утврдување на приоритет на проект за учество на јавен повик за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2013 година за мерка 323.

8. ***Предлог-Одлука за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 8 од дневниот ред. Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Одлуката за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово беше ставена на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот ја усвои Предлог-Одлуката за прифаќање на иницијатива за отпочнување на постапка за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на Стопански комплекс за одгледување на риба со угостителство на КП бр.7476 КО Берово.

9. ***Предлог-Решение за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 9 од дневниот ред.

Советникот Дејан Пачемски даде предлог од советниците во Комисијата да бидат: Предраг Монев, Дејан Пачемски и Благица Русковска.

Градоначалникот Драги Наџински побара појаснување од Советничката за нормативно-правни работи Светлана Бошначка колку членови од Советот партиципираат во таа Комисија.

Советничката за нормативно-правни работи Светлана Бошначка објасни дека Комисијата е составена од Претседател и 4 члена, од кои тројца се од Советот, двајца се од општинската администрација, на предлог на Градоначалникот. Мандатот и трае 4 години. За сопственоста на Општината одлучува и Советот.

Советникот Гоце Ружински даде предлог од советниците во Комисијата да бидат: Јасминка Димовска, Гоце Ружински и Звонко Миовски.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Решението за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово беше ставено на усвојување.

Предлогот на советникот Дејан Пачемски беше ставен на гласање. Со 7 гласа ЗА и 8 гласа ПРОТИВ, Предлогот на Советникот Дејан Пачемски не е усвоен.

Предлогот на советникот Гоце Ружински беше ставен на гласање. Со 8 гласа ЗА и 7 гласа ПРОТИВ, Предлогот на Советникот Гоце Ружински е усвоен.

Беше дадена десетминутна пауза за координација на Комисијата.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлог-Решението за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово во чиј состав влегуваат Советниците Јасминка Димовска, Гоце Ружински и Звонко Миовски беше ставено на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 8 гласа ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Предлог-Решението за формирање на Комисија за давање под закуп недвижен имот на Општина Берово во чиј состав влегуваат Советниците Јасминка Димовска, Гоце Ружински и Звонко Миовски.

10. ***Предлог-Решение за формирање на Партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 10 од дневниот ред.

Советникот Дејан Пачемски даде предлог во Партиципативното тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово членови да бидат: Влатко Вакански од Советот на Општина Берово, Атанас Валмарски од МЗ, Емилија Рушковска од НВО, Марија Андовска, Анита Пуреовска и Ванчо Димовски од општинската администрација.

Советникот Гоце Ружински даде предлог од Советот на Општина Берово да биде и советничката Биљана Марковска.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Предлог-Решението за формирање на Партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово беше ставено на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 15 гласа ЗА, нема советници кои се ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот го усвои Предлог-Решението за формирање на Партиципативно тело од областа на просторното и урбанистичко планирање на Општина Берово во состав: Влатко Вакански, Биљана Марковска, Атанас Валмарски, Емилија Рушковска, Марија Андовска, Анита Пуреовска и Ванчо Димовски.

11. ***Предлог за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот и патиштата Берово***

Претседателот на Советот отвори расправа по точка 11 од дневниот ред.

Советничката Биљана Марковска даде забелешка дека советниците не се консултирани во врска со оваа точка и даде предлог во овој совет да има барем еден член од автошколите, заради поголема безбедност.

Градоначалникот Драги Наџински објасни дека членови во сојузот одприватни школи нема. Од страна на АМС Славчо Ружински е член, а Ефтим Гаштеовски и Атанас Валмарски исто така до неодамна биле членови на комисијата за полагање, па така да нема потреба од таква тенденциозност.

Советничката Биљана Марковска дополни дека автошколи постојат подолго време, а не краткотрајно, така да смета дека треба да има од нивна страна член.

Советникот Предраг Монев образложи дека ставот на нивната советничка група на ВМРО-ДПМНЕ е дека кандидатите за членови во сојузот активно учествуваат во сообраќајот и едукацијата за сообраќајот во Општина Берово, а менувањето на тој предлог не е добро, затоа што е направена компактна единица која може да придонесе за безбедност во сообраќајот, па според него и неговата советничка група не треба да бидат предлагани лични кадри, кое мисли дека е тенденциозно. Предложените кандидати според него можат добро да се постават и да одговорат.

Претседателот Јован Матеничарски се надополни дека од нивна страна нема друга забелешка, а советникот Предраг Монев се надоврза во врска со останатите предложени кандидати.

Градоначалникот Драги Нацински, на прашање на Претседателот Јован Матеничарски зошто Ѓорѓи Пеовски е предложен за член на сојузот, одговори дека тој е вработен во Одделението за локален економски развој и работи на таа проблематика, и според него тој може да одговори на функцијата гледано од страна на општински административец, а бидејќи е машински инжењер по вокација, смета дека има разбирања од проблематиката.

Бидејќи никој не се јави за збор, Предлогот за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот и патиштата Берово беше ставен на усвојување.

Од присутните 15 советници, со 7 гласа ЗА, 8 ВОЗДРЖАНИ, нема советници кои гласале ПРОТИВ, нема присутни советници кои не гласале, Советот не го усвои Предлогот за именување на претседател и членови на Општински Совет за безбедност на сообраќајот и патиштата Берово.

Од страна на советничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше побарана кратка пауза.

12. ***<u>Советнички иницијативи и прашања</u>***

/

13. ***<u>Барања од институции и граѓани.</u>***

-Барањата се одложени за наредната седница.

Дневниот ред беше исцрпен, а со тоа 3.тата седница беше завршена.

**Бр.07-1690/1**
**26.08.2013 година**
**Берово**

| | | |
|---|---|---|
| **Записничар** | | **Претседател на Совет** |
| **Зорица Ризовска** | | **Јован Матеничарски** |
| **---------------------------------** | **М.П.** | **---------------------------------** |
| **(потпис)** | | **(потпис)** |